# ‚Навистина, само Господарот на огнот има право да казнува со оган.‘“

Од Ибн Месуд, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека рекол: „Бевме со Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, на патување. Тој се оддалечи заради својата потреба, а ние видовме една птица хумара со две пилиња. Ги зедовме пилињата, па птицата дојде вознемирено, ширијќи ги крилјата. Тогаш пристигна Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, и рече: ‚Кој ја растажи оваа со тоа што ѝ ги зеде малите? Вратете ѝ ги пилињата.‘ Потоа забележа мравјалник што го запалиле и праша: ‚Кој го запали ова?‘ Рековме: ‚Ние.‘ Тој рече: ‚Навистина, само Господарот на огнот има право да казнува со оган.‘“

[صحيح] [رواه أبو داود]

Абдулах бин Месуд, Аллах нека е задоволен со него, спомнал дека биле со Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, на едно патување. Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, се оддалечил за да ја изврши својата потреба, а неговите асхаби наишле на птица од видот хумара со две пилиња и ги зеле. Птицата, преплашена од губењето на своите мали, почнала да мавта и да ги шири крилјата. Кога се врати Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рече: „Кој ја растажи и исплаши со тоа што ѝ ги зеде малите?“ Потоа нареди да ѝ ги вратат. Потоа забележа мравјалник што бил запален со оган, па праша: „Кој го запали ова?“ Некои од асхабите рекоа: „Ние.“ Тој рече: „Не е дозволено никому да мачи живо суштество со оган, освен Аллах, неговиот Создател.“



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee